FRIEDRICH EBERT STIFTUNG



# Ова е нашата Иднина

## Визии на младите



# Ова е нашата иднина

## *визии на младите*

Скопје, септември 2014 година

Издавач:
Фондација „Фридрих Еберт” - Канцеларија Скопје
www.fes.org.mk

Лектор: Инда Костова Савиќ

Дизајн на корица: Контура ДОО

Печати: Контура ДОО

Тираж на изданието: 500

Copyright: Friedrich-Ebert-Stiftung

Печатените изданија на Фондацијата „Фридрих Еберт“ не смеат да се користат во комерцијални цели без претходно писмено одобрување од страна на истата.

# Содржина

**Вовед**

***I дел***
***Младите во Македонија како активни и општествено одговорни граѓани***: истражување на нови пристапи во младинскиот активизам

**Биди промената што сакаш да ја видиш кај другите** - *Артан Сулејмани*

**Младите се столбот врз кој се гради иднината**- *Ѓорѓи Тасев*

***II дел***
***Создавање инклузивно општество***: градење мостови за демократски промени, толеранција, дијалог и мултикултурна коегзистенција

**Единство во разновидноста** - Маја Ристова

**Младите треба да градат политика на меѓусебно почитување на различностите** - Наташа Јанковска

**Визија за соживот, визија за подобра иднина** - Игор Милановиќ

***III дел***
***Нови перспективи за Македонија***: создавање држава на граѓани со европски перспективи и разбирање на европските вредности

**Стекнувањето нови навики да содејствува во демократските процеси во државата** - *Александра Димовска*

**Да се стремиме кон заедничка визија врз основа на нашите заеднички вредности** - Михајло Христоски

**Генерција ad meliora** - Весна Попоска



# Вовед

Во средината на јули 2014 година, Канцеларијата на германската Фондација „Фридрих Еберт”, Скопје, отвори повик за есеи до сите млади луѓе за да ги споделат своите: идеи, визии, добри практики, успешни приказни и други одговори на предизвиците и загриженоста, со кои денес нашето општество се соочува.
Темата на која се пишуваа есеите беше: „**Ова е нашата иднина – визии на младите**“ (**IT'S OUR FUTURE – VISIONS OF THE YOUTH).**

Нашата идеја како организатори на отворениот повик беше есеите да бидат прогресивни, да гледаат кон иднината, да бидат мотивациски и конструктивни, засновани врз лични позитивни искуства, конкретна идеја за акција, или да имаат апстрактна нишка. Сакавме да осознаеме кои се размислувањата и искуствата на младите луѓе во Република Македонија, колку преку секојдневните постапки и акции градат мостови за инклузивност на сите различности, колку се подготвени да учествуваат и отвораат дијалог на теми и прашања кои ги тангираат подеднакво сите млади луѓе, без оглед на нивната етничка, религиска или партиска припадност и, на крајот, колку се општествено одговорни и зрели активно да се вклучат во создавањето на држава на толерантни граѓани, со европски перспективи.

На повикот се јавија голем број млади кои испратија есеи на една од следниве теми:

- ***Младите во Македонија како активни и општествено одговорни граѓани***: истражување на нови пристапи во младинскиот активизам;
- ***Создавање инклузивно општество***: градење мостови за демократски промени, толеранција, дијалог и мултикултурна коегзистенција;
- ***Нови перспективи за Македонија***: создавање држава на граѓани со европски перспективи и разбирање на европските вредности.

Во оваа брошура се објавени најдобрите трудови на автори кои подоцна беа поканети на петдневна посета на Берлин, Германија. Посетата беше реализирана од 13-17 октомври 2014 година. Ова патување вклучуваше: состаноци, дискусии и размена на искуства за младите и граѓанскиот активизам, како и посети на политички институции и разговори со актуелни политичари. Искрено се надеваме дека овие млади луѓе ќе ги пренесат стекнатите искуства и дека ќе влијаат во сопствените средини со нови визии и програми за подобро утре.

Со почит,
Нена Трајковска
Проект-координатор во
Фондацијата „Фридрих Еберт", Скопје

## Биди промената што сакаш да ја видиш кај другите

Автор: Артан Сулејмани

„Се извинувам колега, може ли да ми кажеш колку страници треба да биде проектот по статистика" - праша едно младо момче, со една девојка до него. „Десет страници, но треба да побрзате, затоа што крајниот рок е утре". Лицата на младото момче и девојката одеднаш се сменија и како да слушнав еден глас во очај: „Ах, така ли". Чудно, ама ми падна жал за нив, иако ги гледав за првпат и пред да забележам, од мојата уста се испуштија зборовите: „Ама, професорот рече дека проектот може да го работат максимум тројца студенти, а јас веќе го имам изработено поголемиот дел. Па, ако сакате, би можел да ве вклучам и вас?!" Лицата одеднаш им се сменија како да ги имаше обвиено едно чувство на радост. „Но, тоа не би било во ред?", рече девојката. „Не е проблем. Не би правел нешто екстра работа. Јас сум Артан". „Да, те знаеме. Те имаме забележано за време на часовите по статистика. Јас сум Коста, а ова е Ива?" Следно, ги разменивме броевите на телефоните и емаил, и после два дена го испративме проектот. Ова беше почетокот на едно големо пријателство меѓу нас. По некое време, Ива и Коста ми признаа дека ретко кога комуницирале со Албанци. Во Струмица, град во Југоисточна Македонија, не живеат Албанци, што влијаеше тие да создадат комплетно различна слика за Албанците во Македонија. По некое време, со мене ги споделија и стереотипите и мислењата на популацијата таму за Албанците, за што денес и тројцата многу се смееме. Јас, Ива и Коста станавме многу добри пријатели и си имаме помогнато еден на друг и во многу други ситуации, но ако се вратам назад во времето како ова пријателство започна, би го нарекол: „Подадена рака за помош".

За многу луѓе надвор од Македонија ова пријателство не би било нешто чудно, но во регионот на Балканот и Македонија посебно, места со турбулентно минато на конфликти и војни, ова пријателство е нешто несекојдневно. Денес, три години по студирањето на факултет, мојот пример служеше како охрабрување и им помогна на многу мои пријатели Албанци кои беа полни со недоверба кон „другата страна", да се обидат да се спријателат со Македонците. Оваа недоверба, која беше всадена пред многу години, беше стопена со примерот на „еден проект" и подадена

рака за помош. Ако гледам сега на агресивните реакции на мои пријатели Албанци кои покажуваа омраза кон Македонците, сфаќам дека тоа било само страв од непознатото. Страв кој бил всаден пред многу години и постепено се топеше со комуникацијата и заедничкото запознавање.

Познатиот англиски поет Александар Попе, има кажано: *„Да се згреши е човечки, да се простува е божествено"*. Оставајќи го на страна минатото на „лоша крв", јас и моите пријатели го направивме возможно работењето на многу заеднички проекти со нашите колеги од македонска етничка припадност и, воедно, да постигнеме повисоки резултати и да бидеме попросперитетни од сите аспекти на животот. Без да ги повторуваме грешките од минатото и да ги гледаме разликите меѓу нас, не како на причина за разделба, туку напротив, како богатство и можност за учење, јас, Ива и Коста им дадовме пример на другите млади Албанци и Македонци, дека не е чудно да се има пријателство со луѓе од различна култура, нација или религија.

За жал, нашиот пример не е чест. Голем број млади Албанци и Македонци не ја делат истата визија. Кога би ми било побарано да нацртам по една слика за тоа како Албанците и како Македонците се гледаат меѓусебно, би нацртал една иста – „ВОЛК". Мнозинството Албанци денес ги гледаат Македонците како натрапник, а себеси како жртва и обратно, Македонците себеси се гледаат како жртва, а Албанците како натрапник.

Имам дебатирано многу на оваа тема, со многу мои албански и македонски пријатели кои го гледаат другиот како непријател, наместо како пријател и алеат (сојузник) во постигнувањето на заедничката цел која и двата етникума ја имаат - подобра иднина. За подобро да илустрирам како Албанците ја гледаат мојата земја, односно Владата на Република Македонија која за нив е синоним за Македонците и за дискриминацијата кон нив, јас би сакал да раскажам за уште едно мое искуство кое овојпат го имав со моите пријатели од албанска националност.

За време на моите студии, поточно за време на првата и втората година на факултет, одлучив да ги заштедам парите за превоз до факултетот. Наместо да патувам со автобус и да плаќам билет, јас пешачев. За моите пријатели од факултетот, посебно Албанците кои живееја во моја близина и кои ги имав запознато на факултет, ова беше феноменално. Тие не можеа да разберат зошто не можев да ги заштедам парите за превоз на поедноставен начин – да не купувам билет! Неплаќањето за превоз со автобус, во Чаир - местото каде што живеам, го нарекуваат „шверц-контрабанда". Не можам да кажам дека не бев запознат со оваа појава, дури сум бил и сведок кога многу луѓе го правеле ова, но не можев да го прифатам

фактот дека идните интелектуалци Албанци во Македонија не сакаат да плаќаат за нивните билети за автобус. Многу се срамев од ова, и знаев дека не можев да го направам тоа, бидејќи би се чувствувал како да крадам од некого. Се обидував да објаснам дека со овој акт тие не ја крадат само државата, туку и данокоплаќачите, кои ги купиле автобусите. Сите нас!!! Но, не беше од корист. Наместо тоа, продолжив да го правам она што го имав наумено на почетокот. Моите пријатели почнаа да се шегуваат со мене заради ова, но јас не сакав да се сменам. Пешачев по 5 км до факултетот и 5 км назад, и тоа ми претставуваше задоволство. Ова заинтригира многу од моите пријатели, и на почетокот некои доаѓаа со мене само за да ми прават друштво. Патот беше долг, па така ќе разговаравме за различни теми и поминувавме убаво време заедно. Со текот на времето, како што нашето пријателство се зацврстуваше, тие почнаа да ја разбираат причината зошто постапувам така. Би сакал да потенцирам дека ова се случуваше за време кога тие почнаа да се спријателуваат со македонските студенти, или едноставно, почнаа да разговаат со нив, водени од мојот пример со Ива и Коста.

По некое време, мислам дека беше по првата година на факултет, моите пријатели почнаа да плаќаат за автобускиот билет, понекогаш само за да се солидаризираат со мене. На мое големо изненадување, како што поминуваше времето, забележував промена кај нив бидејќи тие почнаа да купуваат билет и кога патуваа сами. Некои од нив кои живееја подалеку, почнаа да вадат месечна карта (слободна) и ме прашуваа за процедурата за добивање. Бев многу изненаден и, во исто време, се чувствував многу горд и среќен заради ова. Знам дека ова не е голема работа за некого, но за мене беше огромна. Јас бев некој во кој тие се огледуваа и, во исто време, бев промената што сакав да ја видам кај другите. Ова ми предизвикуваше големо чувство на среќа и гордост.

Денес, кога се враќам назад во времето и се потсетувам на тоа, гледам на актот на „шверц" поинаку, и почнувам да ги разбирам вистинските причини за тоа. „Шверц-контрабанда" го гледам како акт на искажување на револт на младите албански студенти кон Владата/државата. Револт, бидејќи тие беа убедени во корупцијата на Владата и дека таа ги краде. Само да потенцирам дека синоним за Владата, за Албанците во Македонија се Македонците, бидејќи според нив Албанците се дискриминирани и немаат моќ. Преку овој акт тие само сакаа да ѝ зададат удар и да ѝ ја покажат нивната сила, без разлика колку и да е мала. Големата недоверба што се имаше создадено со пропагандата на политичките партии дека

непријателот се Македонците, нè донесе до овој степен/дереџе. Степен во кој Албанците и Македонците се обидуваа да ги најдат причините за нивните грешки кај другата страна, а притоа да не се обидат да ги најдат кај себе. Ова е навистина трагично!

Имајќи на ум дека поминале повеќе од 13 години од вооружениот интеретнички конфликт од 2001 година, ова е голем чекор назад. Овде би сакал да ја цитирам мислата на познатиот католички архиепископ на Манила, Џејмс Кардинал Син, кој само ја дополнил фразата на Александар Попе: *„Да се згреши е човечки. Да се простува е божествено, но да се повтори е глупаво”*. Денес, 13 години по конфликтот, за жал, не можеме да зборуваме за меѓусебна почит, бидејќи ние, како прво, немаме толеранција еден за друг. Според мене, почитта е на повисоко ниво од толеранцијата. Толеранцијата ја гледам како нешто што морам да го направам, или за мое добро сум обврзан да го направам, ама тоа не значи дека те почитувам. Од друга страна, почитта ја гледам како повисока вредност. Почитта ја гледам како апрецијација и верба во вредностите на еден човек, нација или култура и не го правам тоа зошто морам, туку заради тоа што навистина ги почитувам вредностите што ги имаш и на нив гледам како на заедничко богатство. Соочен со денешната реалност, си го поставувам прашањето: *„Постои ли надеж ова да се смени?”*. Дали постои можност во блиска иднина Македонците, Албанците, Србите и Турците да се гледаат себеси како еднакви жители на Македонија и да го гледаат другиот како алеат, а не како непријател во постигнувањето на заедничката цел - подобра иднина за генерациите што доаѓаат?

Искрено, да бев прашан порано, ќе одговорев дека е речиси невозможно, но денес, откако ги имам видено гореспоменатите промени кај моите пријатели, не само кај Албанците, туку и кај Македонците, јас велам: „Има многу надеж!!”, и според мене, потребни се само четири работи за ова да стане реалност.

*Првата*, најбитна работа е **„Довербата”**. Според моето мислење, Албанците и Македонците прво треба да комуницираат повеќе помеѓу себе. Знам дека ова е тешко за тој што ќе го направи првиот чекор, но имајќи го предвид моето искуство со Ива и Коста, сметам дека ова е можно. Ако Албанците и Македонците комуницираат повеќе и се запознаваат меѓу себе, ќе сфатат дека имаат повеќе работи што ги зближуваат, отколку што ги делат. Преку согледување на ова, според мене, тие ќе почнат да го гледаат другиот како алеат, а не како непријател во постигнувањето на нивните цели.

*Второ*, „**Раката што дава, не се суши**". Од моето искуство можам да тврдам дека секогаш кога имам помогнато некому, тоа ми се има вратено повеќекратно. Како пример, подадов рака за помош за проект, а добив пријатели, материјалистички кажано „добив куќа". Еден мој учител ме научи на ова, а тој не предаваше економија. Ми рече: „Артан, јас сум најбогатиот човек во Македонија, имам куќа во секој град во Македонија". Бев многу изненаден од ова и по малку ми изгледаше смешно, бидејќи судејќи по неговата облека, тој не изгледаше како некој кој е многу богат. Потоа, продолжи: „Имам куќа во секој град во Македонија бидејќи имам пријател во секој град во Македонија". Денес, јас сум многу радосен што можам да кажам дека имам многу домови насекаде во Македонија, а и во светот, затоа што имам многу пријатели. Се надевам дека моите пријатели од албанска и македонска националност ќе почнат вака да гледаат на работите и да сфатат дека преку помагањето еден со друг, никој нема да осиромаши, напротив, ќе стане побогат.

*Трето*, „**Гледај на разликите како на богатство и на можност за учење**". Луѓето се како прстите на рацете. Сите се различни, но овие разлики се богатство и претставуваат можност за учење. Старата приказна со јаболкото најдобро го илустрира ова, а вели: *Ако јас имам едно јаболко и ти имаш едно јаболко и ако ги смениме тогаш и двајцата ќе имаме по едно јаболко, но ако јас имам една идеја и ти имаш една идеја и ги размениме, тогаш и двајцата ќе бидеме побогати и ќе имаме по две идеи*. Ако луѓето што живеат во Македонија започнат да гледаат на овој начин на разликите и сфатат дека мислењето на другиот не е априори погрешно само затоа што се разликува од неговото, тогаш сите ќе станат побогати и попросперитетни од сите аспекти на нивниот живот.

И, *четврто*, најважно, „**Биди промената што сакаш да ја видиш кај другите**". Со оваа изрека сакам да ја потенцирам важноста на давањето пример. Според мене, многу од Албанците и Македонците се плашат да му се приближат на другиот, бидејќи се плашат дека нивното опкружување може да ги осуди поради ова. Јас би ги охрабрил сите да не се плашат од ова, туку наместо тоа, да се борат за нивните убедувања. Јас самиот сум се уверил во ова од искуството што го имав со горенаведените примери, примерот со „билетите за автобус" и „подадена рака за помош". Ако младите луѓе во Македонија би се собрале и би се бореле за оваа кауза, за каузата дека сите луѓе се еднакви/исти, без разлика на нивната религија, нација и местото од кое што доаѓаат, резултатот би бил неизбежен.

За крај, би сакал да го завршам мојот есеј со изреката на познатиот физичар и пацифист Алберт Ајнштајн, кон што сите би требало да се стремиме: „*Немој да се обидуваш да станеш човек од успех, туку човек од вредности. Гледај наоколу како луѓето сакаат да добијат повеќе од животот, отколку што да дадат. Човек од вредности ќе даде повеќе отколку што ќе добие. Биди креативен, но биди претпазлив твојата креација да не е проклетство за човештвото*“.

## Младите се столбот врз кој се гради иднината

Автор: Ѓорѓи Тасев

Младите се моторот на едно демократско, модерно и прогресивно општество. Тие се столбот врз кој се гради иднината и токму инвестирањето во нив како човечки капитал ја прават државата одржлива и социо-економски развојна. Но, кај нас многуте економски, политички и социјални турбуленции имаат негативно влијание врз младиот човек, којшто во потрага по сопствената иднина и остварување на сопствените амбиции делува дезориентирано и изгубено.

Заложба на секоја владина гарнитура, макар и на хартија, е младите луѓе да имаат позитивна и активна улога во нивните средини. Многу млади луѓе волонтираат, индивидуално се надоградуваат, а некои од нив се вклучени во формалното донесување одлуки во нивните локални средини. Некои, пак, преку НВО-секторот ја гледаат можноста да издејствуваат општествена промена и да бидат коректив на „шупливите“ општествени процеси. Овозможувањето на младите луѓе директно да влијаат во процесот на донесувањето одлуки им помага да креираат позитивен однос со нивните заедници и ги прави сигурни дека услугите ќе ги задоволат нивните потреби.

На младите, за да имаат желба и мотив за напредок, да се стремат да ги остваруваат своите животни цели, треба да им се понуди можност за работа, да имаат реална конкуренција, каде што може да се натпреваруваат со знаења, идеи и решенија, да им се остави простор и можност да имаат своја улога и да влијаат врз општествените текови, да се поттикнува младински активизам, но без притоа да се користи процесот на селективност. Младите луѓе во нашата држава се сѐ друго, само не главен двигател на општествените процеси и само кај нас на младите се гледа како на проблем, а не како инвестиција во иднината. Загрижувачко е што младата популација е само нем набљудувач и пасивен фактор во сите случувања и настани и се однесува како сервилна група којашто е незаинтересирана да се вклучи во процесот на донесување одлуки.

Бројките коишто покажуваат дека имаме над 50% невработена младина, притоа „цврсто“ држејќи го „високото“ второ место во однос на другите држави, ги тераат младите да се иселуваат, но и она што најмногу треба да ги загрижува властодржците, е што таму трајно остануваат. Она што уште повеќе треба да ја замисли власта е дека овие проценти постојано се зголемуваат, а мерки за промена и нудење решенија за оваа ситуација

„има“, само од популистички побуди. За време на толку голема невработеност, пензионерите се оние кои ги имаат најголемите бенефиции, небаре тие се носечкиот столб за долгорочен развој и група која претставува нераскинлив синџир за прогрес на секое општество. Тоа ја прави нашата приказна уште потажна - младите луѓе да немаат никакви бенефиции, а не, пак, да бидат активни, па и уште да чувствуваат одредена доза на одговорност.

Токму немањето просперитет, немањето можност за еднаков напредок на сите млади, создава доза на незаинтересираност и незадоволство на секој млад човек којшто на секој начин се труди да дојде до подобро утре. Дипломирањето и магистрирањето, речиси на 90% од младото население, создава нереална конкуренција на пазарот на трудот. Многу често младите луѓе или се преквалификувани за одредени работни места или кај нив нема никаков интерес да се вработуваат на места коишто не соодветствуваат на нивното образование. Кај нас е длабоко изразено губењето на некои професии преку „одлив на умови“. Според последниот извештај на Светската банка, од земјава има висок степен на „одлив на умови“ и, практично, секој кој има шанса да замине во странство, го прави тоа.

Затоа, повторно ќе си го поставиме прашањето: Дали воопшто може да зборуваме за активни и социјално одговорни млади, базирајќи се врз сите наведени релевантни параметри?

Да, можеме. Иако примерите на младински активизам можат да се избројат на прсти во општината во која јас живеам, сепак тие докажуваат дека младите знаат да ги препознаат вистинските предизвици. Имено, во изминатиот период младите во Струмица активно учествуваа во повеќе активности, организирани, пред сѐ, од Младинскиот совет и останатите организации за млади кои делуваат на територијата на општина Струмица. Таков беше случајот со „Маршот на солидарноста“, во кој учествуваа голем број на млади од градот, во знак на поддршка на нивен сограѓанин кој доживеа тешка несреќа во САД. Поканата за учество на маршот младите ја прифатија без разлика на нивната партиска, верска или социјална припадност.

Исто така, во овој период е значајно организирањето на хуманитарни концерти, посебно за Нова година и верскиот празник Велигден, кои масовно се посетени и во целост ја исполнуваат поставената цел - собирање хуманитарна помош за социјално загрозените лица во општината Струмица. На еден таков концерт беа собрани околу 5 илјади евра помош, што самото по себе покажува дека овој вид младински активизам има плодна почва за натамошно опстојување.

Може да се набројат уште многу активности и настани, како што се: турнири во улична кошарка, обуки за развивање на капацитетите кај младите или како што беше организирањето на неколку трибини против говорот на омраза и работилници организирани од Здружението „НОВУС“. На тие трибини, кои предизвикаа голем интерес во јавноста, се покажа дека младите, но и повозрасните, сакаат да разговараат отворено и јавно за проблемите, да слушнат различни мислења, но и да го искажат своето.

Она што е од круцијално значење за секој млад човек кога ќе излезе на пазарот на трудот е да биде подготвен, соочен со сите предизвици што ги носи модерното време, но со себе да има и колку-толку искуство за да може да ги оствари своите амбиции, барање што секој работодавач го става како приоритет!? Можеби решение би бил системот - паралелно со студирањето да се извршува и практична работа. Тоа е одлична идеја и начин како младото лице да се стекне со некое искуство, но со себе да ги понесе и работните вештини и професионална подготвеност, т.е. да го „исполни“ условот што го бараат работодавачите. За да се достигне нивото на младинско активирање, како доста корисен процес би било промовирањето и афирмирањето на неформалното образование, како еден од начините за дополнителна квалификација и развивање на сопствените капацитети.

Размената на искуства, преку разните програми за студентски активности, коишто се составен дел на факултетите, треба да биде врвен приоритет, бидејќи преку нив младите луѓе можат да стекнат нови знаења и иновативни идеи, реално спроведливи за нашето општество, да се чувствуваат сигурни и „важни“ во нашата заедница и да придонесат за нејзиниот развој. Младиот ум е непресушен извор на идеи кои може лесно да се преточат во проекти и иницијативи кои ќе бидат од корист за сите. Со соодветна поддршка од институциите на системот, проектите и иницијативите може да им помогнат на младите да развијат чувство на автономност и со тоа да станат социјални партиципиенти. Затоа, локалната и регионалната власт треба да го олеснат спроведувањето на овие проекти, овозможувајќи им на младите да бидат придружувани од професионалци и да имаат пристап до финансиска, материјална и техничка помош.

Но, за да се оствари тоа, најпрво мора институциите на системот да пружат шанса и можност да се презентира и примени стекнатото искуство. Без тоа, идеите и знаењето ќе бидат затворени и неприменливи. Едноставно, како што ги стекнал младиот човек, така и ќе испарат. Она што е применливо речиси во сите развиени и држави по мерка на младите е воспоставувањето на партнерство меѓу државните органи, цивилно-

то општество, образовните институции и приватниот сектор во областа на вработувањето на младите луѓе. Креирањето можности, заедничкото дејствување на младите, како и заедничкото решавање на локалните и националните младински проблеми ќе биде клучот за издигнување на свеста за одговорностите и обврските на младите кон општеството. Издигнувањето на самодовербата, лидерството и верувањето дека преку личните способности може да се реализира сопствениот потенцијал, треба да бидат идеја-водилка кон создавање на општество каде младите ќе бидат активни и социјално одговорни.

Можеби навистина младото население делува пасивно, апатично и незаинтересирано, но за поголем дел од проблемите и негативните појави, секако, своја вина сноси и државниот апарат. Се изготви национална стратегија во која беа опфатени мерки и решенија со кои би се намалила невработеноста кај младите, но институционалната и практичната примена на стратегијата, едноставно изостана. Само парчето хартија остана доказ за празните заложби.

За младите да бидат вистинската движечка сила на нашето транзициско општество потребно е нивно вклучување во сите процеси на одлучување, но и создавање услови да останат во државата. Во Македонија, која е високопартизирана држава и каде подобра можност за вработување има само со партиска книшка, треба да се создаваат услови младите да имаат еднакви шанси за општествена инклузија. Образованието, знаењето и стекнатите вештини треба да се conditio sine qua non (услов без кој не се може) или прв и единствен услов за успешно и природно вклучување на младите во економските и општествените процеси. Само така, и никако поинаку, младите природно ќе можат да докажат дека светот останува на нив. Само такви држави и народ можат да имаат просперитет и развој.

## Единство во разновидноста

Автор: Маја Ристова

***„Гневот и нетолеранцијата се непријатели на доброто разбирање“***
- Махатма Ганди

**Воведни напомени**

Етничките, религиските и јазичните особености претставуваат основни карактеристики коишто го дефинираат начинот на функционирање на државите и нациите во светот. Од една страна, тие претставуваат богатство на содржини што му даваат нов квалитет на заедничкиот живот на луѓето, но од друга страна, можат да бидат и главни причини за бројни конфликти меѓу различните етникуми, односно крајно негативно да влијаат врз процесот на социјална интеграција на заедницата. Република Македонија е еклатантен пример за мултиетничка, мултиконфесионална и мултикултурна држава, во којашто, низ вековите, различни етникуми живееле заедно, градејќи релативно добри меѓусебни односи. За жал, во изминатите дваесетина години работите се изменија на полошо. Етничката дистанца се зголеми.

Недовербата, нетолерантноста и чувството на меѓусебна нетрпеливост меѓу граѓаните од различни етнички заедници, сè повеќе доминираат во македонското општество. Сето тоа води кон продлабочување на разликите и затворање во сопствените етнички атари, што придонесува за појава на внатрешни етнички тензии. На овој начин се загрозува политичката стабилност и социјалната интеграција на заедницата, односно се создаваат реални претпоставки за дезинтеграција на македонската држава. Ваквата констатација за случувањата на ниво на интеретнички релации е потврдена и со резултатите добиени од определени научни истражувања коишто јасно покажуваат дека и по тинаесет години имплементација на Охридскиот рамковен договор, етничките разлики и ексклузијата на етничките заедници, како и нивното влијание врз степенот на социјална интеграција на македонското општество, сé уште претставуваат актуелна тема за дискусија, којашто предизвикува различни, често и спротивставени мислења.

Имено, досегашните искуства, стекнати во рамките на процесот на подобрување на интеретничкиот соживот во Република Македонија, потврдуваат дека успеавме да надминеме само дел од причините, односно факторите што водат кон зголемување на етничката дистанца, односно што водат кон етнички тензии. Како разултат на тоа е потребно да се вложат дополнителни напори од страна на сите одговорни субјекти, а пред сé, од политичките елити, за да се зголеми степенот на социјална интеграција и социјален капитал во Република Македонија, посматран од аспект на меѓусебните релации меѓу граѓаните од различните етнички заедници.[1]

***Република Македонија е мултиетничка, а не бинационална држава***
***Мултикултурна и мултиетничка коегзистенција***

Во институциите на системот во нашата држава, согласно споменатиот Рамковен договор, сите етнички заедници кои живеат во Република Македонија првенствено треба да бидат еднакво застапени, како и да бидат еднакво вклучени во донесувањето на одлуките кои се важни за нашето општество. Духот на овој Договор вели „не" на мајоризацијата и ја поддржува вклученоста, инклузијата како една од најголемите вредности во демократското општество. Секој граѓанин треба да има чесен и искрен став за подобрување на мултиетничката разноликост, преку подобра репрезентативност на оние етнички заедници коишто, де факто, се загрозени.

Република Македонија е мултиетничка држава. Идеите за „единство во разновидноста", општественото вклучување и посилната меѓусебна поврзаност со Европската Унија, се неделиви и е потребно да бидат заеднички цели на македонското општество. Институциите на системот на нашата држава треба да имаат за цел, преку своите активности, континуирано и во целост да ги промовираат европските вредности, човековите права, демократијата и владеењето на правото, приближувајќи ги на тој начин интегративните процеси поблиску до граѓаните, со што ќе се зајакнува европскиот дух кој постои во нашата држава.

Во нашата држава, како што и погоре наведов, владее меѓуетнички хаос, кој е доволно само да се прикаже преку пример со учениците во училиштата каде владеат меѓуетнички поделби и нетолеранција, кои доколку не би се спречиле навреме, би можеле да ја загрозат севкупната мултиетничка иднина на државата. Оттука и потребата за поголема општествена хармонија, зајакнување на социјалната кохезија и подобрување на сожи-

1 М. Печијарески: „Социјална интеграција и менаџирање на етничките разлики во Република Македонија: јавни политики и практики на локално ниво".

вотот меѓу етничките заедници. Во таа насока, сметам дека интегрираното образование е првиот чекор кон создавање добри меѓуетнички односи.

Во контекст на ова, повеќе од потребно е наметнување и промовирање на религиозната толеранција кај граѓаните, уште од најрана возраст, поради тоа што толеранцијата е единствена шанса и можност да се живее на овој свет. Политичките елити треба да имаат добра соработка со сите религиски заедници во Република Македонија, почитувајќи ја нивната независност која ја гарантира Уставот. Политичките елити се оние кои, според мене, ја имаат најголемата (не)одговорност за состојбите во државата по ова прашање. Следејќи го продлабочувањето на поделбите во општеството по: политичко-партиски линии, етнички тензии, верска нетолеранција, дискриминација на поединци, групи и категории во општеството, неопходен е дијалог и почеток на широко политичко помирување во земјата. Политичките партии сносат најголем дел од одговорноста кога станува збор за корените и причините за актуелната политичка криза во земјата. Затоа сум на мислење дека токму тие треба да почнат со меѓусебен разговор и на конструктивен начин да постават агенда која ќе ги пополни празнините во македонското општество во оваа насока. Факт е дека политичката култура и дијалогот во Република Македонија, како и интеретничките односи, се во очајна форма и сè повеќе се влошуваат. Поблемите кои произлегуваат од неефикасните политики и од незадоволството со состојбите, вообичаено се дивертираат преку поттикнување омраза и тензии главно меѓу двете најголеми заедници во земјата, Македонците и Албанците. Серија инциденти, вклучувајќи физичко насилство меѓу етничките Македонци и Албанци, ги загрозија меѓуетничките односи, ги замрзнаа или ги уназадија процесите на помирување и интеграција. Консеквентно, дискриминацијата и кршењето на човековите и малцинските права се искачи на институционални нивоа, пред и да достигнат некој значаен квалитет.

За таа цел, потребно е делување на политичките елити во Република Македонија, особено на Владата на Република Македонија, како тело кое има моќ и ресурси и сè што ѝ е потребно за навреме да се погрижи за изготвување законски решенија во насока на поголема општествена интеграција на културните и едничките групи во државата. Владата е таа која мора да создава и да користи различни стратегии, политики и проекти за успешно менаџирање на проблемите со различностите во македонското општество. Понатаму, Собранието на Република Македонија, како законодавно тело има одговорност да донесува уставни и законски решенија кои ќе овозможат поголема општествена интеграција, особено поради тоа што во ова тело се присутни претставници на сите политички групации

кои може сите заедно да дизајнираат соодветен систем на интеграциски вредности. Претседателот на државата, исто така, треба да се залага за модел на мултикултурализам, наспроти моделите на асимилација и диференцијација, истовремено поддржувајќи мерки за поголема комуникација и соработка меѓу етничките групи. Тој треба да е прв кој ќе ги почитува различните културни групи и ќе ја помага нивната инклузија.

### *Став на експертите*

Низата настани коишто предизвикаа негодувања и реакции меѓу етничките заедници, според експертите се: проектот Скопје 2014, воведувањето на македонскиот јазик за првачињата Албанци, нередите во Нерези, како и претходно објавената енциклопедија на Македонската академија на науките и уметностите, судските процеси за Бродец, Сопот и хашките случаи и забавениот процес на евроатлантска интеграција на земјава.

Во нашата држава, според мислењата на експертите, влошувањето на меѓуетничките односи најчесто е изрежирано и иницирано од политичките партии. Тие се на мислење дека никогаш нема тенденција на зголемени тензии од обичните граѓани, па тие потоа да се рефлектираат во политиката. „Вообичаено, заради погрешни политички потези или поради немање слух меѓу политичарите, се зголемуваат тензиите кои потоа се рефлектираат и кај граѓаните.“

Вообичаен став на експертите е дека: „Вината треба да ја побараме во владејачките структури заради тоа што наспроти многу јасно декларираната желба, фактички она што секојдневно се прави покажува дека на ниту една политичка партија како да не ѝ одговара навистина развојот на Македонија како мултикултурно општество во коешто луѓето дефинитивно ќе можат да почнат да го градат својот граѓански идентитет, наместо само етничкиот идентитет.“

### *Резиме*

Клучен проблем во нашето општество и натаму останува проблемот на културните разлики што се непремостлива пречка за поголема социјална кохезија. Овие разлики произведуваат „етнички јазли” кои, паралелно со недемократски политички процеси, главно ги јакнат етничките територијални поделби.

Оттука, мирот, стабилноста и демократијата, се основа за постоење добри меѓуетнички односи во духот на меѓусебното почитување и почиту-

вањето на фундаменталните слободи и права. Тоа е суштинска основа за воспоставување на функционално мултиетничко и мултикултурно општество, што, пак, води кон општ напредок и развој на заедницата. Градењето мултикултурно општество, како едно од најкомплексните и најчувствителните политички прашања, е предизвик на сите демократски општества.

Република Македонија живеела, и живее, во светот на различностите. Животот не нѐ научи на соживот, толеранција и меѓусебно разбирање. Но, затоа свеста на сите граѓани треба да биде на повисоко ниво по ова прашање, а сѐ со цел градење на мултиетнички, мултирелигиозен и мултијазичен соживот, како подобро место за живеење. Соживот, кој ќе ја одразува разновидноста на регионот и богатото историско искуство кое се акумулирало низ вековите. Соживот, кој дава одговор на дел од предизвиците со кои денес се соочуваат земјите од Европската Унија.

Верувам дека Република Македонија ќе биде подобро и побезбедно место доколку прерасне во општество кое ќе овозможи мирна коегзистенција меѓу религиите и културите. Општество во кое луѓето од различни религии и различни култури ќе имаат долга традиција на соживот и почит.

## Младите треба да градат политика на меѓусебно почитување на различностите

Автор: Наташа Јанковска

Република Македонија спаѓа во редот на т.н. сложени и хетерогени општества. Според структурата на населението, таа е мултиетничка, мултикултурна и мултиконфесионална држава. Во неа, покрај македонскиот, мнозински народ, живеат и други етнички заедници (албанската, турската, влашката, српската, ромската, бошњачката и другите). Според бројноста, албанската популација во Република Македонија претставува најголема етничка заедница, додека сите останати, како: турската, влашката, српската, ромската, бошњачката, се значително помалубројни. Сите тие, вклучително и мнозинскиот народ, се карактеризираат со својата сопствена култура и културни обележја кои се белег на нивната културна историја. Како најзначајни би се издвоиле посебните културни, вредносни и морални системи, посебните норми на однесување, различните форми на социјално живеење, јазикот, религијата и обичаите.

Секоја современа мултикултурна држава, вклучително и Република Македонија, има потреба од создавање и негување на сопствен, автохтон модел на политичко управување кој ќе почива врз основните начела и принципи на современата демократија, но истовремено, ќе соодветствува на: историските, културните, традиционалните и политичко-општествените состојби во државата.

Македонскиот мултикултурализам, како и секој друг, има многу сопствени специфичности и е динамична форма која се менува паралелно во поширок контекст. Како институционални мерки кои се воведоа за спроведување на политиката на мултикултурно општество, по воениот конфликт од 2001 година, предначи: воведувањето на различните квоти за олесување на пристапот на припадниците на малцинските заедници до институциите; издвојувањето буџетски средства за владини и невладини проекти кои имаат мултикултурна платформа; воведувањето на друг службен јазик ако го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во одредени општини; принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа.

Меѓуетничките тензии во Македонија кои ја достигнаа највисоката точка во 2001 година, имаа свој корен не само во институционалните недостатоци, туку и во целата реторика врз која почиваше културниот модел

на Република Македонија. Тогашното потпишување на Охридскиот рамковен договор требаше да стави крај на конфликтот, но за жал, тоа не се случи. И денес, проблемите во Република Македонија се манифестираат преку меѓуетничката нетрпеливост.

Рамковниот мировен договор, во себе го содржи суверенитетот и територијалниот интегритет на Македонија, но не го содржи националниот интегритет на граѓаните кои не припаѓаат на мнозинството. Охридскиот договор не ги зема предвид територијалните решенија за етничките проблеми, одржувањето на унитарниот карактер на земјава не беше придружено со релевантни спроведувања на мерките, со кои сите граѓани на оваа унитарна држава ќе имаат еднаков третман. Војната во Македонија во 2001 година беше претставена како единствен случај од војните во поранешна Југославија, која не се случи за територии, туку за статусот на градење држава со еднакви права на сите нејзини граѓани. Меѓутоа, мнозинството граѓани Македонци ја виде како војна чија единствена цел беше поделба на територијата на Република Македонија, а не единствена демократска Македонија, со еднакви права за сите нејзини граѓани.

Доаѓам од мало место кое се наоѓа во источна Македонија. Градот од којшто доаѓам е место во кое живее чисто македонско население. Промените кои настанаа во Република Македонија по конфликтот од 2001 година до денес не се прифатија од страна на граѓаните кои живеат во мојот град. Воведувањето на друг службен јазик кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во одредени општини, принципот на соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа, од граѓаните во мојата општина беше одбележано како поголема можност за граѓаните Албанци и поголеми привилегии, наспроти граѓаните Македонци. Стереотипите за бит-пазар останаа. Местата каде што живее мнозинството граѓани Албанци и понатаму се сметаат за небезбедни места, а граѓаните Албанци и понатаму го носат епитетот на „лош народ“. Незадоволството од Рамковниот договор по конфликтот во 2001 година, од страна на некои мои сограѓани беше интерпретирано со палењето на угостителски објект кој е во сопственост на едно албанско семејство кое со години живее во мојот град. Земањето на преголем замав на политиката ги наруши и тие малкуте добри односи меѓу луѓето кои живеат во мешани средини.

Република Македонија веќе 9 години е свртена кон „самата себе“ барајќи го идентитетот на македонската нација, корените на Античките Македонци, преку што се нарушуваат внатрешните меѓуетнички односи.

Важна промена која антиквизацијата ѝ ја донесе на Македонија во поглед на македонскиот општествен и културен модел е промената на реториката од „мулти", кон една централна култура. Доколку мултикултурализмот го дисперзира вниманието кон различните заедници, новата идентитетска политика е фокусирана исклучително кон (ре)дефинирањето на македонскиот етнички идентитет.

Пример за ова е промената на имињата на улиците и плоштадите во голем дел од општините во Република Македонија, вклучувајќи го и градот Скопје, како посебна единица на локалната самоуправа. Се поставуваат споменици кои се првенствено врзани за етничкиот македонски идентитет. Меѓутоа, за Владата тоа се споменици на некои историски форми на македонска државност, а не дека контекстот на мултикултурализмот во Македонија е дека симболите се врзуваат првенствено за етницитетот.

Но, до сега, на Плоштадот во Скопје не е подигнат споменик на ниту една личност која е важна за некоја од малцинските етнички заедници и кој би ја отсликувал мултикултурноста на Република Македонија. Покрај споменици, на Плоштадот се гради и православна црква. Таа е симбол со кој се идентификуваат православните граѓани, но не и припадниците на останатите заедници. Црквата, до сега, е предмет единствено на раздор, една група граѓани јавно изразија несогласување со нејзината изградба, за што беа истепани од страна на полицијата, но и од друга група граѓани, за што подоцна добија и соодветни казни поради тоа. Од друга страна, пак, припадници на муслиманската заедница, преку институциите побараа нивно претставување преку градење џамија на Плоштадот, меѓутоа тој предлог отпадна, уште еднаш потврдувајќи ја тезата дека новите идентитетски политики на Владата не се инклузивни и во согласност со мултикултурализмот.

Преку ваквата владина политика на изградба на споменици, само повеќе се зголеми раздорот и поделбите меѓу граѓаните на Република Македонија, градот Скопје се подели на град на Македонците, од едната страна на реката Вардар, и град на етничките Албанци, од другата страна на реката Вардар. Бариерите и нетрпеливоста само повеќе се зголемуваат, наместо постоењето на соживот меѓу сите граѓани во Република Македонија.

Политиката на фаворизирање исклучително на етничките Македонци во овие идентитетски проекти, е многу повеќе во согласност со старата отфрлена реторика дека Македонија, всушност, е национална држава на етничките Македонци. Она што допрва ќе претстои доколку се продолжи со ваквиот начин на истакнување на македонското пред сите, ќе биде растечкото незадоволство на малцинствата. Уште долго време многу од ми-

нувачите на плоштадот на спомениците и на црквата нема да гледаат како на свои и нема да го чувствуваат плоштадот како свој, туку како уште подалечен и потуѓ. А, тоа е целосно спротивно на сè она за што се работеше од 2001 година па наваму – едните ќе седат кај „Скендербег“, а другите кај „Александар“. Наместо да се бараат заеднички белези, ќе се бетонираат разликите и јазот ќе се продлабочува сè повеќе. Наместо тоа, сегашната, па и идните влади во Република Македонија, треба да градат политика на меѓусебно почитување на различностите без фаворизирање на одредени етнички заедници.

## Визија за соживот, визија за подобра иднина

Автор: Игор Милановиќ

Живееме во земја што изобилува со бескрајни убавини, земја во која преовладуваат гостопримството и желбата за заемна помош, земја во која соседите, можеби, се и поблиски од самите роднини. Во исто време, живееме во еден брз и испреплетен свет во кој соживотот многу често ни се сведува на поддршка на мал круг на пријатели и познаници, круг којшто не ја отсликува реалноста на етничките заедници што се околу сите нас. Живеењето на тој (навидум едноставен) начин нè тера да се запрашаме: колку ние веруваме во еден вистински соживот? Соживот во кој нема да има разлика дали се викаме: Петар, Енвер, Мехмет, Кристина, Теута или било кое друго име кое не ја отсликува нашата сопствена етничка припадност. Дали сме ние на прагот на реализирање на тој соживот или, пак, имаме уште многу да учиме (а наученото дури потоа да го применуваме)?

Човек не мора да оди премногу далеку за да осознае дека тие мултиетнички заедници се многу близу до нас. Всушност, сите ние сме дел од истите тие мултиетнички заедници за кои толку слушаме од странците што многу често доаѓаат во нашата држава и ни укажуваат дека тоа е нашето најголемо богатство. Според странците, богатството се состои од заедничкиот живот на: Македонците, Турците, Албанците, Србите, Црногорците, Власите, во сите места и во сите аспекти на македонското секојдневие. Но, во исто време, тие напоменуваат дека тој заеднички живот треба, пред сè, да биде ИСКРЕН. Што подразбираат под поимот „искрен“? Едноставно, сметаат дека искажаната заемна поддршка треба да се покажува во секоја прилика, во секој момент од денот, неделата или месецот, а истата да не биде различна кога прашањата за одредени етнички групи доаѓаат на „дневен ред“ – со други зборови, за сите да се има еднаков аршин.

Дали горенаведените ставови луѓето кај нас ги третираат со: „Е, па што знаат тие странците за животот/соживотот? Дошле тука да ни солат памет, а ние и до сега супер си живеевме!“ Да, можеби е точно дека ние и до сега супер си живеевме, но мора да си признаеме самите на себе дека сме можеле, и сè уште можеме, подобро! А, можеби е точно и тоа дека не ни требаат ни тие странци да ни го укажуваат тоа, но сè некако чекаме некој друг да ни каже, да ни посочи нешто што и ние самите сме можеле да го увидиме и испланираме. Треба да сме благодарни за сè што ни се случува – без разлика дали тоа било „инспирирано“ од страна на странците што катадневно се тука кај нас или, пак, тоа го направил некој од нас тука што живееме во ова мултиетничко општество.

Сите ние сме во состојба да измениме нешто во нашата средина, во нашето опкружување, во нашето општество. Можеби не сме сите со еднакви способности за исти или слични промени, но сите ние можеме да „инспирираме“ такви промени. Во една од обуките што сум ги посетувал на професионален план (*Академијата за млади синдикални лидери 2014* на ФЕС), еден од експертите ни кажа една египетска мудра мисла (сметам дека истата можела да има потекло од било која земја – но експертот ја слушнал како таква): „Еден повозрасен човек им кажувал на младите околу него дека од неговите 20-ти години, па сѐ до 40-тите, го молел Бога да му даде сила да го измени светот. Во годините од неговата 40-та, до 60-та година, го молел Бога да му даде сила да ги измени само луѓето околу него. А од неговата 60-та година, па до сега, го молел Бога да му даде сила да се измени единствено самиот себеси!“

Самиот старец увидел дека го поминал скоро целиот свој живот обидувајќи се да измени нешто што не било возможно. Единствено во животот можел да има влијание само врз измените што би ги направил за никој друг, освен за самиот себеси. Секако дека старецот го увидел тоа многу доцна – и сигурно тоа би го ставило во една состојба на каење и жалење зошто тоа не го осознал многу порано (како, на пример, во неговата 20-та или 30-та година)?

Читајќи го сето тоа, доаѓаме до заклучок дека можеме да се измениме само самите себеси. Под поимот „измена“ треба да подразбираме процес кој би не натерал да тежнееме кон нешто подобро, поискрено, почовечно. Тогаш, и само тогаш, ќе бидеме во состојба да ги измениме нештата во нашата средина, во нашето опкружување, во нашето општество. Тогаш, и само тогаш, ние ќе можеме да бидеме „испираторите“ на измените околу нас. Тогаш, и само тогаш, ние ќе можеме да влијаеме врз издигнувањето на свеста за дел од работите коишто ни се од големо значење.

А, што можеме да измениме? Кои се тие работи што ни се од големо значење? Можеме да измениме како луѓето се перцепираат едни со други – наместо преку „етнички“ или „партиски“ бои, тоа да биде преку придавките „добри“ или „подобри“! Зошто да го опишувам Мехмет како „Турчинот“, кога можам тоа да го направам со зборовите: „мојот добар пријател Мехмет“? Зошто да ја карактеризирам Кристина како „СДСМ-овката“, кога можам да кажам: „мојата драга пријателка Кристина“? Живееме во еден наш свет каде повеќе се цени исмејувањето, од делењето пофалби (секако, зборуваме само за заслужените). Зошто да не го пофалам Петар за работата што успеал да ја заврши, наместо да го забележам неговиот

низок раст и да се исмевам на фактот што тој е *тоооолку* низок во споредба со мене? Живееме во еден наш свет каде ние не сакаме да ја спознаеме „другата страна“, но сакаме да коментираме за неа! Зошто да не отидам кај Енвер и во деновите кога не е Курбан или Рамазан Бајрам? Зошто да не го запознаам и неговото семејство и зошто да не го прашам за работите што ме интересираат за него, за Теута или, пак, за сите оние за кои немам (доволно) информации за да ја комплетирам *мојата* слика за нив?

Мојата визија за подобра иднина е поврзана со моите напори и обиди да се изменам самиот себеси. Можеби во одредени моменти сум сметал дека доволно придонесувам за соживотот во нашата Македонија, но сè повеќе и повеќе гледам дека сум можел и повеќе. Во моментите кога ќе ги направам првите чекори на запознавање на она што за мене сè уште е недоволно познато, во моментите кога ќе ги изговорам првите зборови што ќе ме водат кон рушење на бариерите – тогаш јас ќе можам да кажам дека сум во состојба да се изменам себеси. Во тој процес на континуирано подобрување ќе има и одредени неуспеси и разочарувања – во тоа сум сигурен.

Најважно за мене ќе биде да успеам да ги „заразам“ и другите околу мене. Тоа можам да го направам единствено ако се придржувам кон сето она што го кажав до сега и ако сум искрен во целиот тој процес. А, кога веќе искрено ќе почнеме сите да се менуваме самите себеси, тогаш ќе можеме сите да кажеме дека сме во состојба да го измениме не само нашето опкружување, туку и самиот свет!

## Стекнувањето нови навики да содејствува во демократските процеси во државата

Автор: Александра Димовска

Европската перспектива на земјите од Западен Балкан се покажа како еден од клучните предизвици во последниве години. Постигнувањето на политичка и економска стабилност, регионалната соработка, гаранцијата на основните човекови права и слободи, како и привилегијата да се биде дел од еден од најпрестижните сојузи на држави, го зајакна интересот на балканските држави да ги исполнат овие европски стандарди со цел да станат членки на Унијата. Важноста и потребата за интеграција на европските земји во ЕУ постојано се нагласува од страна на Унијата, опфатено во рамките на оспоруваната политика на проширување на ЕУ. Исходот од заложбите да се стане членка на Унијата за некои субјекти се покажа побрз и помалку болен, отколку за другите, што наведува на заклучок дека политиката на проширување на ЕУ треба да биде подложена на постојана ревизија, а врз основа на анализи за секоја земја-кандидат одделно.

Европската Унија го прифати проширувањето како свој најефикасен инструмент на надворешната политика, тврдејќи дека тоа е најуспешен инструмент на промовирање на демократијата некогаш имплементиран од страна на надворешен актер. Според еден од претходните комесари за проширување, Оли Рен, проширувањето на ЕУ придонесува за поголема безбедност во Европа и повеќе политичка тежина во светот (повеќе во Лерманс и Рузенс, 2009).

Ефективноста и првобитната цел на политиката, всушност, варира од земја до земја - во некои земји влијанието на ЕУ само ја засилува либералната демократска пракса, а во други помага во обидот да се оствари крајната цел (повеќе во: Вачудова, 2013, стр. 122). Основата врз која земјите можат да пристапат кон ЕУ се заснова врз критериумите од Копенхаген, воспоставени на состанокот на Европскиот совет во Копенхаген во јуни 1993 година, со кои се овозможи земјите од Централна и Источна Европа да станат членки на ЕУ, а врз основа на исполнувањето на зацртаните политички и економски критериуми. Овој пристап на условеност, со кои Унијата привлече нови членки, е типичен пример на пристапот на „морков

и стап“, кој може да се оцени како меч со две острици како за постарите земји-членки, така и за идните потенцијални членки. Согласно толкувањето на Европската комисија, проширувањето ги поттикнува реформите на земјите-кандидати и го зајакнува мирот и стабилноста во Европа (повеќе во: Европска комисија, 2009). Имајќи го ова предвид, развојот на заедничка стратегија на Унијата за Југоисточна Европа послужи како основа за развивање на односите меѓу ЕУ и земјите-кандидати. Една од нив во изминатиот период е пример за спроведување на континуирани реформи, успешна имплементација на насоките на ЕУ и широката внатрешна поддршка за ЕУ - Република Македонија.

Членството на Република Македонија во ЕУ е стратешки интерес од нејзиното осамостојување, согледано преку формалното воспоставување на односите со Унијата во 1996 година, потпишувањето на Договорот за соработка во 1997 година, Спогодбата за стабилизација и пристапување во 2001 година и кулминирајќи со доделување на кандидатски статус на Македонија во 2005 година (повеќе во: Европска служба за надворешно дејствување). Од 2006 година, па до денес, напредокот на Македонија, согласно стандардите на ЕУ, беше анализиран во осум последователни извештаи за напредокот од страна на Европската комисија.

Добивањето статус на земја-кандидат за Македонија претставуваше политичко признание за остварениот напредок во процесот на спроведување на реформите и создавање на транспарентно демократско општество, со што се означи влезот во повисокото ниво на европската интеграција. Во изминатиот период, Република Македонија помина низ многу промени, реформи и компромиси, со цел да добие зелено светло и успешно да ги реализира своите евроатлантски интегративни заложби. Членството во ОН, статусот на земја-апликант во НАТО и земја-кандидат за ЕУ, покажува голема решителност и силна волја да се постигнат повисоки стандарди.

Од осамостојувањето, до денес, Република Македонија создава функционална демократија и просперитетна пазарна економија, со што се создаваат услови за исполнување на обврските за членство во ЕУ, согласно европските стандарди. Исполнувањето на Копенхашките критериуми останува да биде задача која бара целосна посветеност, ресурси и реформи кои Македонија сигурно ќе биде во можност да ги постигне. Секако, ова е процес во кој е неопходна поддршката на земјите-членки. Членките на ЕУ, од своја страна, треба и понатаму да го развиваат „едногласниот” пристап со цел интеграција на балканските земји, и да го третираат процесот на проширувањето како главен приоритет, особено за земјите како што е

Македонија. Ако двонасочниот дијалог меѓу Македонија и Унијата успешно се спроведува согласно соодветните услови, ќе се докаже дека пристапувањето во ЕУ може да биде заемно корисно за двете страни.

Од една страна, исполнувањето на критериумите од Копенхаген за членство овозможува реализирање на заложбите за добивање членство, но од друга страна, и покрај повеќето препораки на Европската комисија дека Македонија ги исполнила условите за отпочнување на пристапните преговори, Советот редовно донесува негативна одлука по истото. Оваа противречност е прашање кое треба да се реши час поскоро, со цел вистински да се разбере позицијата на земјата во европската сфера, да ги прикаже своите способности, со крајна цел - приклучување кон Унијата. Правната рамка во која ЕУ го легитимира своето постоење, а поддржано со чл. 49 од Договорот на Европската Унија (ДЕУ), клаузула за пристапување, и чл. 6 (1) ДЕУ, со кои се утврдуваат основните темели за постоењето на Унијата, не можат да бидат исклучени од студијата на ова прашање, па оттука и фокусирањето на европскиот закон и одредбите утврдени во договорите на ЕУ, исто така, многу е важно (повеќе во: Европска Комисија, 2005).

Правејќи само едноставна споредба и анализа на општествата во регионот, ќе дојдеме до заклучок дека Македонија е единственото функционално мултиетничко и мултирелигиозно општество. Основата на овој соживот е резултат на договорот постигнат меѓу главните етнички заедници во земјата, како и неговата имплементација во Уставот и законите. Ова за возврат ја прави Македонија земја со највисоко почитување и заштита на правата на малцинствата и културните разлики во регионот. Уште од осамостојувањето, земјата, покрај пројавените стремежи за евроатлантска интеграција, игра и значајна улога во многу регионални иницијативи, со што се покажува нејзината силна политичка волја. Македонија има посветено целосно внимание на решавање на единственото отворено прашање со дипломатски и политички средства - решавање на разликите во ставовите околу името на државата со Грција. Ова претставува и останува силна пречка за македонските меѓународни аспирации.

Во целина, сите реформи кои се преземаат во текот на изминатите години, и покрај одредени недостатоци и потребата за силна политичка волја за справување со некои деликатни прашања, наведуваат на заклучок дека земјата заслужува да ги почне преговорите за пристапување кон ЕУ.

Случајот на Македонија треба да претставува предмет на темелни анализи, бидејќи самиот носи голема политичка тежина и може да има одредени импликации на европската политика за проширување. Ова, од

своја страна ќе овозможи и повеќеслоен пристап кон објаснувањето на капацитетот и можностите на Република Македонија како земја-кандидат. Приемот на Македонија во Унијата би значело проширување на нејзините граници, а воедно и политичко и економско признание за земја која има работено една деценија за да ја достигне таа толку посакувана фаза. Со зачленувањето на Македонија во ЕУ и НАТО, гледано од геостратешка гледна точка, ќе се зацврсти безбедноста и мирот на Балканот и заради нејзината географска локација.

Македонските граѓани во голема мера ја разбираат важноста на чинот на пристапување, што се огледа во високиот процент на јавна поддршка, која се одржува на ниво над 50 проценти. Клучниот фактор кој мора да биде сфатен од страна на населението со помош на владина платформа и зајакната јавна дипломатија е дека членството на Македонија во Унијата првенствено е насочено кон подобрување на животниот стандард во земјата. Ова подразбира дека исполнувањето на критериумите за пристапување кон ЕУ овозможува социополитичка и економска стабилност и пораст на целокупниот животен стандард. Најдобар начин да се одговори и објасни ова прашање е преку дејствување со двоен пристап - јавен и практичен пристап. Така, со воведувањето на овој „двослоен" пристап, Владата ќе има и двостран успех - исполнување на своите обврски и кон Унијата и кон своите граѓани. Со комбинирање на овие два пристапа, исходот ќе биде издигнување на јавната свест за работата на Владата кон пристапувањето и зголемување на нивото на јавната поддршка.

Живеејќи во Брисел и Виена како студент, имав можност да сретнам многу млади луѓе со кои често дискутиравме на теми околу тоа како е да се биде граѓанин на Европската Унија. Преку остварувањето на овие контакти и разговори, како и преку лични искуства, се уверив во многубројните придобивки кои ги носи животот и работата во ЕУ: високиот животен стандард, ниската невработеност, гарантираната економска и социополитичка стабилност, и друго.

Можноста да престојувам во држави во кои се негува посебна почит кон европските вредности, како што се: демократијата, човековите права, владеење на правото и пазарниот либерализам, ми ги понуди потребните сознанија околу важноста и тежината на ова прашање.

Оттаму, сметам дека во Македонија е потребно дополнително да се засилат активностите особено во сферата на јавната дипломатија, при што на младите во Република Македонија би им се овоможило подробно да се запознаат со придобивките од членството во Европската Унија. Нив-

ното ангажирање и активно инволвирање во креирањето на политиките за пристапните преговори за зачленување во ЕУ, особено нивните свежи идеи и модерниот пристап кон гледањето на актуелните прашања, во голема мера може да го олесни и забрза овој процес. Воедно, стекнувањето на навиките да се содејствува во демократските процеси во државата, македонското општество го носат еден чекор поблиску кон статусот на членка на Унијата.

Библиографија:

European Commission. „Five years of an enlarged EU: Economic achievements and challenges" European Economy, Economic and Financial Affairs, 2009.

European Commission. Communication from the Commission - Commission Opinion on the application from the former Yugoslav Republic of Macedonia for membership of the European Union, 2005.

http://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?uri=CELEX:52005DC0562

European External Action Service. „Chronology of Bilateral Relations"

http://eeas.europa.eu/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/eu_the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/chronology/index_en.htm

Vachudova, Milada Anna. „EU Leverage and National Interests in the Balkans: The Puzzles of Enlargement Ten Years On", Journal of Common Market Studies 2013 (p.122)

Laermans, Huguette and Paul Roosens, „The Enlargement of the European Union", Ekonomska misao i praksa, 2009.

## Да се стремиме кон заедничка визија врз основа на нашите заеднички вредности

Автор: Михајло Христоски

На вратата од ладилникот во кујната имам многу украсни магнети. Најголем дел од нив се сувенири од моите патувања и секој од нив има свое значење, приказна, момент и покрива одреден период од мојот живот. Сепак, за мене, еден од нив е „особено" значаен. Не поради сликата и изгледот, туку поради пораката која ја пренесува со зборовите изгравирани на него. Тоа е магнет кој го купив во Босна и Херцеговина пред неколку години и на него е испишано: „Да се стремиме кон заедничка визија врз основа на нашите заеднички вредности".

Овие зборови беа мото на младински настан каде и јас бев учесник и имавме за цел да направиме атрактивни слики и цртежи, за промоција на европските вредности меѓу младите луѓе на Балканот. Младите луѓе се генерација со најголема креативна моќ и, според моето мислење, оваа креативна моќ е јадрото на новите перспективи на Македонија. Младите луѓе треба да имаат заедничка цел, заедничка визија за напредок кон одржлив развој за европската иднина на Македонија.

Денес, се стремиме кон отворени мултикултурни општества врз основа на зедничките вредности на толеранција, солидарност и слобода. Македонија е богата со својата разноликост. Познавањето и почитувањето на различните култури во Македонија е начин на создавање држава на граѓани со европски перспективи и разбирање на европските вредности. Силно верувам дека младите луѓе мора да бидат свесни за нашето потекло, како и за различните погледи на животот и промените во општеството како една од најважните вештини и способности за младинскиот активизам. Покрај промоцијата на меѓусебното разбирање и активното учество на младите како камен-темелници на модерното европско општество, и меѓукултурниот дијалог е алатка за развој на иднината на нашата земја.

Како младински работник и активист, јас силно верувам дека со збогатување на знаењето на младите луѓе за граѓанството и олеснување на можноста да мислат повеќе околу нивното вклучување во општеството, ќе ги охрабри да играат активна улога во процесот на креирање политики на локално, национално и европско ниво. Поддршката на младите за нивно учество во креирањето на младинските политики е од корист за нив и претставува важен дел од учењето на младите во практикување на нивното активно учество во општеството.

Исто така, вредностите и меѓусебното почитување, заедничкото работење за постигнување на подобри резултати, треба да бидат препознатливи во нашето секојдневие. Ова ќе придонесе кон остварување на нашата основна цел: Македонија да биде земја со толерантни граѓани, охрабрени да ги промовираат и спроведуваат демократските вредности.

Како заклучок на овој дел во фокусот на креирањето на нови перспективи на младите во Македонија би било:

- Охрабрување за активно учество на младите луѓе во Македонија и промовирање на учеството на младите во градењето на европската иднина на Македонија;
- Поттикнување на младинската соработка во Македонија и стимулирање на заемната помош на земјите во развој за културни, образовни и социјални цели;
- Овозможување и поддршка за развој на активности за промовирање на мирот, интеркултурното знаење и меѓусебна помош во духот на почитување на човековите права и основните слободи.

Друга важна работа е признавање и разбирање на западните демократски вредности, и колку младите луѓе се свесни за нив, а особено за активното учество во секој дел од општественото живеење. Мое лично мислење е дека многу од македонските млади луѓе се неактивни во овој дел. Можеби некои од причините за ваквите состојби се од политички, социјален или друг карактер, но тие останувaат пасивни, на едно место, не сакаат да направат ниту чекор кој би ги однел напред.

Тоа е причина, за на некој начин да им „се отворат очите" и да им се даде шанса да ја видат можноста за излез од таа ситуација, едно од решенијата е активното општествено учество во културни здруженија или невладини организации.

Околу концептот на граѓанството постојат голем број на дефиниции, особено за активното граѓанство, почнувајќи од времето на Античка Грција. Со текот на годините, граѓанството стана повеќе од формална врска помеѓу поединецот и државата. Граѓанството, исто така, доведе до значењето на карактерот на поединецот, да се гледа како член на општеството, припадноста кон заедницата и споделување на вредности и заеднички идентитет. Поединецот може да припаѓа на повеќе различни заедници: училиштето или работното место, невладини организации во кои членува, родниот град или градот каде што живее, како и на земјата во која е роден. Тие можат да бидат граѓани на Европа, па дури и глобални граѓани. Исто така, постојат повеќе нивоа на активно учество кое можат да го остварат.

Поединците може да се сметаат дека се активни граѓани, доколку тие учествуваат во институционалните канали што демократиите им ги нудат, на пример да учествуваат во секојдневен живот на демократски начин, тоа да биде во училиште, на работа, во нивното соседство, итн. или да учествуваат во граѓанското општество, со тоа што би биле вклучени во една организација, општествено движење или било која друга група. И активното учество на младите во донесувањето одлуки и активности на локално и регионално ниво е од суштинско значење доколку сакаме и се стремиме да изградиме подемократски, инклузивни и просперитетни општества.

Придобивките од младинскиот активизам се заеднички и за општеството, и за заедниците, и за младите луѓе. Бенефициите за младите би биле: погледи во позитивно светло од страна на заедницата, можност да се изградат позитивни односи во заедницата, можност да се развијат нови вештини. Придобивките за заедниците би биле: помала веројатност младите луѓе да учествуваат во антисоцијално однесување, младите луѓе да придонесат за нови проекти и идеи во заедницата, младите луѓе развиваат чувство за општествена одговорност.

Можеби мојот есеј е краток. Но, се надевам дека дадов позитивен поглед и добар пример од гледна точка на младите луѓе, како тие би можеле да се приближат кон европските вредности и перспективи. Посебно за младинскиот активизам и активното учество на младите луѓе, пред сѐ, како граѓани и општествени битија. И, би сакал да ги охрабрам сите млади луѓе од Македонија да бидат активни граѓани и да докажеме дека и ние сме дел од Европа и ги споделуваме европските вредности!

## Генерција ad meliora[2]

Автор: Весна Попоска

### *Воведни забелешки*

Некогашниот регионален лидер на европската интеграција, Македонија, денес, само неколку години подоцна, се соочува со целосно поинаква ситуација. Дали е ова крајот на слепата уличка или само лош сон кој предолго трае? Кој да знае? Зголемениот скептицизам и во ЕУ и во самите земји-кандидатки наведува на помислата дека „партнерите за танго“ се малку уморни. Елегантниот танц се претвори во битка на бес и трпение. Единствениот настрадан во таа битка е, се разбира, иднината, седната на клупа губејќи надеж во исчекување на исходот. Во меѓувреме, растат екстремизмот и нетолеранцијата, па секој обинува секого, освен себеси, за настанатата ситуација. А, кога е виновен секој друг, освен самиот кој обвинува, обично сите се во право. И, тогаш единствениот начин да се излезе од хаосот е да се навлезе подлабоко во него, но под услов решеноста за разрешница да е доволно силна. Силна, колку што беше силна посветеноста на Оливер Кан да си го зачува голот празен, ако зборуваме со фудбалски јазик.

### *Земја заглавена на раскрсница*

Пред неколку години имав шанса да присуствувам на форум посветен на европските перспективи на Македонија. Некој упати прашање кон панелот: „Кога Македонија ќе стане дел од ЕУ?“ Следеше непријатна тишина. Влетав со потпрашање: „Ќе ѝ треба ли помалку време, отколку на Турција? Следеше гласно смеење, после кое добив искрен, но скептичен одговор: „Можно е“. Неодамна, од страна на Freedom House, Македонија беше посочена како хибриден режим[3]. Ваквата непријатна квалификација следеше по неколку позитивни извештаи кои пристигнаа директно од Брисел. Од друга страна, спорот за името беше посочуван како главен виновник за европската (неб)иднина на земјата, уште од времето кога го стекна кандидатскиот статус. Ако овие неколку аргументи се разгледаат вкупно, читателот добива прилично нејасна и хаотична слика. За жал, ова се клучните линии на имплементација на европските вредности во пракса за повеќето млади во Македонија: едни кои гледаат хипокризија, други кои бараат излез за себе, и трети, најмалубројни, кои сонуваат европски. За жал, на сите

2 Ad meliora - кон подобро (латински)

3 http://freedomhouse.org/report/nations-transit/2014/macedonia#.U_TxgsWSyoc

им недостига позитивен поглед за иднината. Ова е повеќе, или помалку, проблем на Европската Унија во целост: економската криза удри ниско во вредностите кои се вишеа со децении. Последните европски избори не донесоа многу ентузијазам во целосната атмосфера. Потребата за нова идеја и визија за Европа беше често повторувана, но никогаш не беше транспонирана во ефективен план. Младинската гаранција беше една од ретките светли точки на парламентарното небо за европската младина.

***Младите на потег - потегнувајќи емиграција***

Неодамнешното истражување на Младинскиот образовен форум покажа дека 45% од македонските средношколци се гледаат надвор од земјата во следните десет години. Голем процент од младите луѓе на возраст 24- 30 години работат или студираат надвор од земјата без намера да се вратат дома засекогаш. Во последните неколку години, дестинациите, како Катар и Дубаи, стануваа сè повеќе популарни за работа за младите македонски дипломци. Притисокот на секојдневните егзистенцијални проблеми е во постојан пораст, па сè повеќе и повеќе млади луѓе имаат сè помалку и помалку време да размислуваат и да ги дискутираат европските вредности и идентитет. Мојата генерација, своевремено најпроминентен европски ентузијаст, буквално отстапува.

***Разбирање на европските вредности: Орбанизан наспроти панидеализам***

Самата Европа рапидно се менува. За последните десет години додека растев, бев соочена со различни европски лица, без оглед дали средбата беше директна, или индиректна. Живеејќи во Македонија, предводена од конзервативци, додека се соочувам со конзервативна Европа, можам само да заклучам дека модерните европски конзервативци, всушност, заборавија многу од наследството на Аденауер. Да се биде циничен не е многу љубезно, но некогаш е прагматично неопходно. Она што сакам да го кажам е дека денес на Европа ѝ треба повеќе Европа, за создавање на сè повеќе нови бранови и генерации на млади Европејци. Ова, обично се одбранбените аргументи на изморен еврооптимист. Како и да е, само преку европските вредности какви што ги знаеме, мојата земја може да си даде шанса на крајот од денот. Потребни ни се: толеранција, прифаќање, слобода, мобилност и отворени пазари за подобрување на секојдневниот живот на микро и макро ниво.

### *Меѓународното присуство како фактор на мотивација*

Генералниот впечаток во општеството е идејата за присуство на внатрешни и надворешни непријатели. Ова важи и за самата ЕУ. Новите генерации растат во подвоеност, благодарејќи на политички, етнички и религиозни тензии. Токму затоа, меѓународното присуство и поддршката за градење на капацитети, особено во делот на политичката култура, транспарентната демократија и институционалната поддршка за граѓанското општество, социјалните движења, младинските организации и синдикатите, е повеќе од важна. Работата со младите и посочувањето на вистинските европски вредности наместо екстремен популизам за креирање на поларизирано општество, е клучот за успех.

### *Европската перспектива како единствен излез*

На земјата ѝ е неопходно враќање на европскиот курс. Ова е патека на која е потребно и влечење и туркање - а младите граѓани се клучната алка во процесот. Потребна им е визија за иднината која е достижна и оптимистичка. А, европската перспекива е единственото решение кое се вклопува во тој опис. Европската интеграција ќе отвори нови врати, а имплементацијата на традиционалните европски вредности ќе воспостави нова база за стабилно општество и владеење на правото. Но, не може да се очекува овој процес да биде предводен од старомодни корумпирани елити кои поседуваат исти манири во различни пакувања. На овој процес му е неопходна нова сила која вистински го разбира значењто на слободата, солидарноста и демократијата и истите ги цени повеќе отколку својата лична комфорност. Како и да е, за ова да се постигне, неопходна е силна поддршка за младите. Истата ретко доаѓа од оние кои за неа се најодговорни, но кога притисокот е доволно силен, промената е возможна. Обидот за наметнување на закон за млади, во 2011, е добар пример.

На младите со европска перспектива во Македонија им е потребно охрабрување и поддршка. Самодовербата ќе биде изградена преку мали, бебешки чекори, а пред сè, преку охрабрено учество на локално ниво. Токму затоа, локалните иницијативи и проекти кои се фокусирани на најниско, на ниво на краен корисник, секогаш помагаат.  Меѓународната, независна помош за подобрување на, пред сè, младинската демократија, е нешто без кое не се може. Ова би значело, на пример, поддршка за создавање на независни студентски тела и вистински плурализам во студентското ор-

ганизирање. Тоа, исто така, значи лобирање за инклузија во различни тела и агенции, на пример во програмскиот совет на националната Радиотелевизија. Европските вредности мора да бидат практикувани, а не само повикувани, од секој актер и секој фактор во општеството. Во транзициони демократии, секогаш е добро да има некој кој ќе повлекува и поттикнува.

На земјата ѝ недостига сериозно лидерство на секое ниво. И тоа не е само генерациски проблем, туку е и проблем на менталниот код. Понекогаш, за жал, младите ги наследуваат само најлошите практики од нивните повозрасни колеги. Токму затоа им е неопходно водство и поддршка, со цел да стекнат храброст, и соочувајќи се со вистинската европска идеја, да се соочат со фактот дека и добрите работи функционираат. Ова е единствениот начин да се спаси европскиот брод од тонење во Македонија, а преку тоа и во регионот. Стабилноста на еден, е стабилност на сите. Европските перспективи, како и европските вредности, се атакувани и под закана. И тоа, за жал, има поголем опфат од македонскиот локален контекст.

Luctor et emerge[4]




Точно е дека сите добри работи одат во пеколот, исто како што е точно дека пеколот е празен и сите ѓаволи се тука. Како и да е, да бидеш промената која сакаш да ја видиш е единствениот начин да направиш промена. Лично, не се чувствувам помалку Европејка од било кој Европеец што сум го сретнала во животот. Се сметам себеси за интелигентна, стилизирана и помалку цинична – сепак, доаѓам од Големата Дама, знаете. Многу мои пријатели ги искористија придобивките на Еразмус како програма за размена, јас, исто така, патував многу низ континентот, но никој од нас не се почувствува помалку Европеец од сите околу него. Имав прилика да се обратам и во Советот на Европа, и во Европскиот Парламент, и во неколку други институции, и во секоја од тие прилики можев да за-

4 Се борам и избивам на површината, лат.

бележам дека младите луѓе зборуваат во ист глас. Да се биде Европеец не е само прашање на поседување европски пасош - многу повеќе е прашање на споделени вредности и визија. Токму затоа, ги охрабрувам моите помлади колеги - соберете храброст и истапете, бидејќи, како што кажа некој попаметен од мене: просторот не ви се дава, просторот се освојува - и во општеството и во политиката и во медиумите. И, само од вас зависи до каде сте подготвени да одите. Упорноста, можеби, нема да ве направи најомилени во друштвото - некои ќе ве мразат, а некои ќе ве сакаат, но во секој случај, нема да останете незабележани, ниту вие, ниту агендата која се обидувате да ја наметнете. Ова особено важи за младинските елити, бидејќи недостига младинско лидерство, речиси во секој сектор. За жал, она што го гледаме како младинско предводништво најчесто се лоши копии на транзициските идолатриски елити кои живеат и делуваат единствено за популистички причини.

***Наместо заклучок***

Да се остане на европската патека е тежок предизвик дури и за професионалци. Но, ова не значи дека предизвикот не е прифатен. Напротив! Да се биде на вистинската страна не е секогаш лесно (најчесто не е), но е неопходно. И, секој актер во процесот мора да го разбере значењето на сопствената улога.

- Европската Унија мора да биде повеќе проактивна. Духот на замор од проширувањето не е добра препорака за било која институција и е спротивен на самите европски вредности. Забавеното проширување ќе води до зголемена нестабилност и демотивација.
- На Владата ѝ е неопходен системски пристап, наместо популизам. Пред сè и е потребен сериозен дијалог внатре, помеѓу коалиционите партнери. Сериозен притисок од меѓународната заедница, опозицијата, и граѓанското општество е неопходен за да се извози евроинтегративниот автопат.
- Опозицијата мора да се реши дали се бори со режим, или не, и да ги адресира процесите и настаните правилно. Потребни се реални јавни политики и конкретни решенија како предлог во европски дух. Најголемата опозициска партија има посебно тело посветено на европските интеграции, што е за поздравување.

- На граѓанското општество му е потребен повеќе ентузијазам и бунтовност. Само неколку организации се посветени целосно на европската агенда како таква, со што на македонските граѓани им недостигаат информации за тоа што, всушност, би значеле европските вредности во олеснување на нивниот секојдневен живот.
- Меѓународната заедница мора да биде проактивна и постојано присутна. Мора да изнајде начин да ги охрабри и поттикне младите луѓе, особено на локално ниво, преку различни проекти.

Успехот не е дестинација, туку патување. Но, движењето напред мора да започне што поскоро и да биде што е можно поодлучно. Европската интеграција е и патување и дестинација истовремено, особено за генерацијата која допрва пристигнува.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

316.346.32-053.6(497.7)

ОВА е нашата иднина : визии на младите. - Скопје : Фондација "Фридрих Еберт", Канцеларија во Македонија, 2014. - 326 стр. ; 20 см

ISBN 978-9989-109-78-2

а) Младински активизам - Македонија
COBISS.MK-ID 97371658

**Фондација "Фридрих Еберт" канцеларија Скопје**
www.fes.org.mk